Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Согласно член 9 став 1 алинеја 1 в.в. со став 2 и член 16 став 1 алинеја 2 и 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019), Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија, објавува

# О Г Л А С

- **За избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и**
- **За избор на 1 (еден) член од редот на судиите од апелационо подрачје Битола**

На огласот за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и од редот на судиите од апелационо подрачје Битола може да се пријави секој судија кој во моментот на објавувањето на огласот врши судиска функција и кој ги исполнува условите од член 11 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 102/2019).

Кандидатите за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот. Кон пријавата кандидатите доставуваат:

-потврда за судискиот стаж;
-биографски податоци за стручниот и професионалниот развој;
-оцените за резултатите во работењето издадени од Советот,
-податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадени од Академијата за судии и јавни обвинители и
-изјава за која листа се пријавува.

Заинтересираните кандидати, кандидатурата со прилог документи во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул. „Македонија“ бр.5, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“.

Судски совет
на Република Северна Македонија
Претседател,
Весна Дамева

Бр.02-336/1
06.02.2024 година
Скопје